**Известување**

Се известуваат сите овластени контролори што поседуваат овластување за енергетска контрола и фирми со лиценца за вршење на енергетска контрола, со важност до 31.05.2021, дека согласно Законот за измена на Законот за енергетска ефикасност („Службен весник на Република Северна Македонија“ 110/21), по службена должност се продолжени овластувањата и лиценците до 30.09.2022. Новите овластувања и лиценци може да се подигнат секој работен ден од 8:00 до 16:00 во просториите на Министерство за економија, сектор енергетика,  први кат.